## 3.3. Надворешен долг[10]

*Надворешниот долг зголемен поради курсни разлики...*

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити на 31.10.2003 година изнесуваше 1.691,0 милиони САД долари, што претставува месечен пораст од 49,5 милиони САД долари. Зголемувањето на надворешниот долг се должи на остварените позитивни курсни разлики[11] од 17,1 милион САД долари, како и на поголемите користења на средства во однос на отплатите.

Во текот на октомври, по веќе одобрени долгорочни кредити користени се средства во износ од 39,0 милиони САД долари. Повлекувањата од официјалните кредитори изнесуваат 12,2 милиони САД долари, од кои 12,1 милион САД долари потекнуваат од мултилатералните кредитори (втората транша од Stand-by аранжманот со Меѓународниот монетарен фонд IMF, Европската банка за обнова и развој EBRD, Светската банка IBRD и Меѓународното здружение за развој IDA). Од приватните кредитори се повлечени 26,8 милиони САД долари, од кои 25,6 милиони САД долари од странски приватни претпријатија. Новосклучените кредити во октомври 2003 година во износ од 27,0 милиони САД долари, во целост се однесуваат на приватни кредитори, односно странски приватни претпријатија.

Графикон 26
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




*...и поголем износ на користења, отколку отплати на средства*

Во октомври 2003 година, вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити изнесуваа 9,1 милион САД долари. Врз основа на главнина беа отплатени 6,8 милиони САД долари, а врз основа на камата 2,3 милиони САД долари. Притоа, кон официјалните кредитори се отплатени 6,8 милиони САД долари, додека отплатите кон приватните кредитори изнесуваа 2,3 милиони САД долари. Во периодот јануари-октомври 2003 година, вкупните користења на средства по склучени кредити (185,0 милиони САД долари) го надмина износот на отплатите (177,4 милиони САД долари).

[10] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.
[11] Позитивните курсни разлики делуваат во насока на зголемување на надворешниот долг.